# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 164 Год. LXIV Понеделник, 29 декември 2008 Цена на овој број е 210 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**

## С О Д Р Ж И Н А

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3407. | **Исправка** на Резолуцијата за приоритетите во 2009 година за пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија................................ | 3 |
| 3408. | **Указ** бр. 52 од Претседателот на Република Македонија......................... | 3 |
| 3409. | **Одлука** за престанок и за давање на користење на недвижни ствари на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип.. | 3 |
| 3410. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Македонија за 2009 година............................................. | 3 |
| 3411. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија“ за 2009 година........ | 4 |
| 3412. | **Одлука** за давање на користење на недвижна ствар на Националната установа „Театар за деца и младинци“ од Скопје.............................................. | 4 |
| 3413. | **Одлука** за давање согласност за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода од наоѓалиштето „Здравевци“ – Кратово од РИК „СИЛЕКС“ АД – Кратово на ДТУ „МАГРОНИ“ ДОО Скопје............................ | 4 |
| 3414. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини – мермери од лежиштето на локалитетот с.Радово, Општина Демир Хисар........................ | 5 |
| 3415. | **Одлука** за определување име на автопатот Е-75 од граничен премин Табановце до граничен премин Богородица (Коридор X)................................. | 5 |
| 3416. | **Одлука** за едностран раскин на Договор за концесија за експлоатација на минерални суровини-кварц од лежиштето Пчиња с. Драгоманци, општина Старо Нагоричани, Куманово......... | 5 |
| 3417. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини – мермери од лежиштето на локалитетот Дебриште, општина Кавадарци.............................. | 5 |
| 3418. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини – песок и чакал од лежиштето на локалитетот Орман, с. Трубарево, општина Петровец – Скопје.......................................... | 5 |
| 3419. | **Одлука** за престанок на важење на концесија за експлоатација на минерални суровини - кварц од лежиштето на локалитетот Пчиња с. Коинци, општина Старо Нагоричане, Куманово... | 6 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3420. | **Одлука** за едностран раскин на Договор за концесија за експлоатација на минерални суровини-андезит и базалт од лежиштето на локалитетот Никуштак, општина Куманово........................ | 6 |
| 3421. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини – чакал и песок од лежиштето на локалитетот с. Студеничани, општина Кисела Вода - Скопје.................................................. | 6 |
| 3422. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини-варовник од лежиштето на локалитетот с. Бохула Кошево, општина Кавадарци.............. | 6 |
| 3423. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини – мермери од лежиштето на локалитетот Вуксан, општина Куманово............................... | 7 |
| 3424. | **Одлука** за преименување на Градски стадион – Скопје.................................. | 7 |
| 3425. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини – мермери од лежиштето на локалитетот Марков Стап, општина Кавадарци................... | 7 |
| 3426. | **Одлука** за престанок на важење на концесија за експлоатација на минерални суровини - лапоровити варовници од лежиштето на локалитетот Камник, с. Кошево, општина Карбинци | 7 |
| 3427. | **Листа** на стоки на царински квоти по договор за пристапување на Република Македонија во СТО......................... | 7 |
| 3428. | **Листа** на земјоделски производи со потекло од Заедницата за увоз во Република Македонија во прво полугодие од 2009 година (нула-царинска стапка во рамки на квоти)................... | 8 |
| 3429. | **Листа** на земјоделски производи со потекло од Заедницата за увоз во Република Македонија во прво полугодие од 2009 година (концесии во рамки на квоти)......................................... | 9 |
| 3430. | **Листа** на риба и рибини производи со потекло од Заедницата за увоз во Република Македонија во прво полугодие од 2009 година (нула-царинска стапка во рамки на квоти.................... | 9 |
| 3431. | **Листа** на производи со потекло од Заедницата за увоз во Република Македонија во прво полугодие од 2009 година (нула-царинска стапка во рамки на квоти)......................................... | 10 |
| 3432. | **Листа** на царински стапки за производи со потекло од Заедницата за увоз во Република Македонија во прво полугодие од 2009 година (концесија во рамки на квоти).................... | 10 |
| 3433. | **Листа** на производи со потекло од Заедницата за увоз во Република Македонија во прво полугодие од 2009 година по спогодбата за доделување на взаемни трговски повластици за некои вина............................................ | 11 |
| 3434. | **Листа** на земјоделски и прехранбени производи по потекло од Република Албанија кои се увезуваат во Република Македонија без плаќање на царина во рамките на годишни квоти за прво полугодие од 2009 година........... | 11 |
| 3435. | **Листа** на земјоделски и прехранбени производи по потекло од Република Хрватска кои се увезуваат во Република Македонија без плаќање на царина во рамките на годишни квоти за прво полугодие од 2009 година.......... | 12 |
| 3436. | **Листа** на земјоделски и прехранбени производи по потекло од Република Молдова кои се увезуваат во Република Македонија без плаќање на царина во рамките на годишни квоти за прво полугодие од 2009 година.......... | 13 |
| 3437. | **Листа** на стоки на царински квоти по потекло од Република Турција кои се увезуваат во Република Македонија за прво полугодие од 2009 година....... | 14 |
| 3438. | **Листа** на стоки на царински квоти по потекло од Украина кои се увезуваат во Република Македонија за прво полугодие од 2009 година........................ | 15 |
| 3439. | **Листа** на тарифни концесии дадени од Република Македонија на Швајцарската Конфедерација за прво полугодие од 2009 година............................ | 15 |
| 3440. | **Листа** на тарифни концесии за земјоделски производи што потекнуваат од Норвешка за прво полугодие од 2009 година.......................................... | 16 |
| 3441. | **Решение** за давање согласност на статут на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кичево | 17 |
| 3442. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности……………………….. | 17 |
| 3443. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности……………………….. | 17 |
| 3444. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности……………………….. | 17 |
| 3445. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. | 17 |
| 3446. | **Финансиски план** на Народната банка на Република Македонија за 2009 година………………………………… | 18 |
| 3447. | **План за инвестиции** на Народната банка на Република Македонија за 2009 година………………………… | 18 |
| 3448. | **Годишен план** за јавни набавки во 2009 година на Народна банка на Република Македонија………………….. | 18 |
| 3449. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење…………… | 19 |
| 3450. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за пренос, дистрибуција и снабдување со природен гас………………………….. | 19 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3451. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за геотермална енергија…………………….. | 20 |
| 3452. | **Одлука** за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи……. | 21 |
| 3453. | **Одлука** за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничката здравствена заштита................................................. | 36 |
| 3454. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување............ | 45 |
| 3455. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна здравствена заштита........................ | 45 |
| 3456. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита.. | 46 |
| 3457. | **Решение** Адвокатска комора на Република Македонија............................. | 47 |
| | **Огласен дел**......................................... | 1-48 |


## ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3407.**

По извршеното срамнување на изворниот текст е утврдено дека во текстот на Резолуцијата за приоритетите во 2009 година за пристапувањето на Република Македонија во Европската унија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 155/2008), е направена грешка, поради што се дава

И С П Р А В К А
НА РЕЗОЛУЦИЈАТА ЗА ПРИОРИТЕТИТЕ ВО 2009 ГОДИНА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

- Во ставот 10 точка 15 по зборовите: „претседателите на“ да се додадат зборовите: „парламентите на“.

Бр. 10-5593/15
26 декември 2008 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3408.**

**УКАЗ БР. 52**
**од 29 декември 2008 година**

Врз основа на член 18, став 1 точка 12 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006 и 110/2008)

**СЕ ПОСТАВУВА**

**За воен претставник одбранбено аташе во Лондон, Обединетото Кралство**

**полковник Ѓошевски Петре Драги**

ФЧ: полковник, по систематизација, полковник,
лична ВЕС: 3154000, ЕМБГ: 1207963450033
До сега: Извршен офицер, шеф на кабинет во кабинетот на Заменикот на началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Овој указ да се изврши на 2.01.2009 година.

Бр. 07-1163
29 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3409.**

Врз основа на член 20, став 1 и член 27-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.12.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП

Член 1

Со оваа одлука на Агенцијата за вработување на Република Македонија, Центар за вработување-Штип му престанува користење на недвижните ствари К.П. бр. 1021 место викано „Пребег“, опишано во Поседовен лист бр. 407 од КО Штип 1, површина под објект од 1448 м2 и двор со површина 518 м2 сопственост на Република Македонија.

Недвижните ствари од став 1 на овој член се даваат на трајно користење без надоместок на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип.

Член 2

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука ќе се изврши помеѓу Агенцијата за вработување на Република Македонија, Центар за вработување-Штип и Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5591/1
25 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**3410.**

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.12.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ГОДИШНАТА ПРЕТПЛАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОПИСИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Македонија за 2009 година, бр. 02-7725/1 од 21.10.2008 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Македонија", на седницата одржана на 21.10.2008 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6265/1 Претседател на Владата
23 декември 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

**3411.**

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.12.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ГОДИШНАТА ПРЕТПЛАТА НА СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ЗА 2009 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија" за 2009 година, бр. 02-7724/1 од 21.10.2008 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Македонија", на седницата одржана на 21.10.2008 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6266/1 Претседател на Владата
23 декември 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

**3412.**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.12.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА „ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ" ОД СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на Националната установа „Театар за деца и младинци" од Скопје, се дава на користење недвижната ствар - објектот со површина од вкупно 775 м2 (кат 1МА со 37 м2, кат 1ПО со 100 м2, и кат 1ПР со 638 м2) на ул. „Вељко Влаховиќ" бр. 4-Скопје, евидентирана во Катастарска парцела 12004 за Катастарска општина Центар 1 и истиот е запишан во Имотен лист бр. 53863 како сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижната ствар од членот 1 на оваа одлука се дава на користење на неопределено време, без надоместок на Националната установа „Театар за деца и младинци" од Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6335/1 Заменик на претседателот
18 декември 2008 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
**Ивица Боцевски**, с.р.

**3413.**

Врз основа на член 34 став 2 од Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/07 и 88/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЦЕЛОСЕН ПРЕНОС НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ТЕРМОМИНЕРАЛНА ВОДА ОД НАОЃАЛИШТЕТО "ЗДРАВЕВЦИ" – КРАТОВО ОД РИК "СИЛЕКС" АД – КРАТОВО НА ДТУ "МАГРОНИ" ДОО СКОПЈЕ

1. Се дава согласност за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода од наоѓалиштето "Здравевци" – Кратово од РИК "СИЛЕКС" АД – Кратово на ДТУ "МАГРОНИ" ДОО Скопје доделена со Договор за концесија бр. 08-895/2 од 08.05.2000 година.

2. Концесијата од точка 1 од оваа одлука се пренесува на ДТУ "МАГРОНИ" ДОО Скопје, под исти услови под кои е доделена со Договорот за концесија бр. 08-895/2 од 08.05.2000 година на РИК "СИЛЕКС" АД – Кратово, освен во однос на висината и критериумите за определување на надоместокот за концесии за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, кои ќе се утврдат врз основа на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 72/07).

3. Како почеток на користење на пренесената концесија од точка 1 од оваа одлука ќе се смета денот на потпишување на Договорот за целосен пренос на концесијата.

4. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот од точка 3 на оваа одлука ќе го потпише министерот за економија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6770/1 Заменик на претседателот
29 декември 2008 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**3414.**

Врз основа на член 39 став 5 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/07 и 88/08) Владата на Република Македонија на седницата одржана на 29.12.2008 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ – МЕРМЕРИ ОД ЛЕЖИШТЕТО НА ЛОКАЛИТЕТОТ С.РАДОВО, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

1. Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини – мермери од лежиштето с. Радово, Демир Хисар бр.24-2698/3 од 11.08.2006 година, еднострано се раскинува по барање на концесионерот „САНДРА КОМЕРЦ - 94" Скопје.

2. Во име на Владата на Република Македонија, министерот за економија во рок од 30 дена на влегување во сила на оваа одлука ќе го извести концесионерот за престанок на важење на Договорот за концесија од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6781/1
29 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**3415.**

Врз основа на член 9 став 5 и 6 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.07.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ИМЕ НА АВТОПАТОТ Е-75 ОД ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ТАБАНОВЦЕ ДО ГРАНИЧЕН ПРЕМИН БОГОРОДИЦА (КОРИДОР X)

1. Со оваа одлука се определува име на автопатот Е-75 од граничен премин Табановце до граничен премин Богородица (Коридор X).

2. Името од став 1 на оваа одлука се определува и гласи „Александар Македонски".

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3653/1
21 јули 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**3416.**

Врз основа на член 35 став 1 точка 5 од Законот за минерални суровини концесии („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/04 и 88/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОР ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ-КВАРЦ ОД ЛЕЖИШТЕТО ПЧИЊА С. ДРАГОМАНЦИ, ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНИ, КУМАНОВО

1. Договорот за концесијата за експлоатација на минерални суровини – кварц од лежиштето „Пчиња" с.Драгоманци, општина Старо Нагоричани, Куманово бр. 12-4307/1 од 6.07.2004 година еднострано се раскинува по барање на концесионерот РИК „Силекс" АД Кратово.

2. Во име на Владата на Република Македонија, министерот за економија во рок од 30 дена од влегување во сила на оваа одлука ќе го извести концесионерот за престанок на важење на Договорот за концесијата од точка 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6782/1
29 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**3417.**

Врз основа на член 39 став 5 од Законот за минерални суровини концесии („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/07 и 88/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ – МЕРМЕРИ ОД ЛЕЖИШТЕТО НА ЛОКАЛИТЕТОТ ДЕБРИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

1. Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини – мермери од лежиштето Дебрише, Кавадарци бр.08-1193/2 од 19.06.2000 година, еднострано се раскинува по барање на концесионерот, РИК „Силекс" АД Кратово.

2. Во име на Владата на Република Македонија, министерот за економија во рок од 30 дена од влегувањето во сила на оваа одлука ќе го извести концесионерот за престанок на важење на Договорот за концесија од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6783/1
29 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**3418.**

Врз основа на член 39 став 5 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.24/07 и 88/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.12.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ – ПЕСОК И ЧАКАЛ ОД ЛЕЖИШТЕТО НА ЛОКАЛИТЕТОТ ОРМАН, С. ТРУБАРЕВО, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ – СКОПЈЕ

1. Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини – мермери од лежиштето „Орман" с.Трубарево, општина Петровец – Скопје бр.08-1717/4 од 8.06.2001 година, еднострано се раскинува по барање на концесионерот, „ВАРДАРГРАДБА" – Скопје.

2. Во име на Владата на Република Македонија, министерот за економија во рок од 30 дена на влегувањето во сила на оваа одлука ќе го извести концесионерот за престанок на важење на Договорот за концесија од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-6784/1
29 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3419.**

Врз основа на член 35 став 1 точка 5 од Законот за минерални суровини концесии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/04 и 88/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ - КВАРЦ ОД ЛЕЖИШТЕТО НА ЛОКАЛИТЕТОТ ПЧИЊА С. КОИНЦИ, ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ, КУМАНОВО

1. Концесијата за експлоатација на минерални суровини - кварц од лежиштето „Пчиња“ с. Коинци, општина Старо Нагоричани, Куманово бр. 08-1143/2 од 08.05.2000 година еднострано се раскинува по барање на концесионерот РИК „Силекс“ АД Кратово.

2. Во име на Владата на Република Македонија, министерот за економија во рок од 30 дена ќе го извести концесионерот за престанок на важење на концесијата од точка 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6785/1
29 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**3420.**

Врз основа на член 35 став 1 точка 5 од Законот за минерални суровини концесии (“Службен весник на Република Македонија” бр.27/04 и 88/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОР ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ-АНДЕЗИТ И БАЗАЛТ ОД ЛЕЖИШТЕТО НА ЛОКАЛИТЕТОТ НИКУШТАК, ОПШТИНА КУМАНОВО

1. Договорот за концесијата за експлоатација на минерални суровини – андезит и базалт од лежиштето „Никуштак“, Куманово бр. 08-1801/1 од 8.05.2000 година еднострано се раскинува по барање на концесионерот РИК „Силекс“ АД Кратово.

2. Во име на Владата на Република Македонија, министерот за економија во рок од 30 дена од влегување во сила на оваа одлука ќе го извести концесионерот за престанок на важење на Договорот за концесијата од точка 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.19-6786/1
29 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**3421.**

Врз основа на член 39 став 5 од Законот за минерални суровини (“Службен весник на Република Македонија” бр.24/07 и 88/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ – ЧАКАЛ И ПЕСОК ОД ЛЕЖИШТЕТО НА ЛОКАЛИТЕТОТ С. СТУДЕНИЧАНИ, ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ

1. Договорот за концесијата за експлоатација на минерални суровини – чакал и песок од лежиштето с. Студеничани, општина Кисела Вода - Скопје бр. 12-713/7 од 11.05.2004 година, еднострано се раскинува по барање на концесионерот „Сковин“ АД – Скопје.

2. Во име на Владата на Република Македонија, министерот за економија во рок од 30 дена од влегување во сила на оваа одлука ќе го извести концесионерот за престанок на важење на Договорот за концесијата од точка 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.19-6788/1
29 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3422.**

Врз основа на член 39 став 5 од Законот за минерални суровини (“Службен весник на Република Македонија” бр.24/07 и 88/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ-ВАРОВНИК ОД ЛЕЖИШТЕТО НА ЛОКАЛИТЕТОТ С. БОХУЛА КОШЕВО, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

1. Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини – варовник од лежиштето на локалитетот с. Бохула, општина Кавадарци бр.24-4481/2 од 2.09.2002 година еднострано се раскинува по барање на концесионерот „МЕТАЛ ИНВЕСТ“ ДОО Кавадарци.

2. Во име на Владата на Република Македонија, министерот за економија во рок од 30 дена на влегување во сила на оваа одлука ќе го извести концесионерот за престанок на важење на Договорот за концесија од точка 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.19-6789/1
29 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**3423.**

Врз основа на член 39, став 5 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/07 и 88/08), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 29.12.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ – МЕРМЕРИ ОД ЛЕЖИШТЕТО НА ЛОКАЛИТЕТОТ ВУКСАН, ОПШТИНА КУМАНОВО

1. Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини – мермери од лежиштето Вуксан, Куманово бр. 08-1800/2 од 08.05.2000 година, еднострано се раскинува по барање на концесионерот, РИК "Силекс" АД Кратово.

2. Во име на Владата на Република Македонија, министерот за економија во рок од 30 дена на влегувањето во сила на оваа одлука ќе го извести концесионерот за престанок на важење на Договорот за концесија од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6790/1
29 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**3424.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07 и 19/08), а во врска со Иницијативата на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија за потребата од донесување на одлука за преименување на Градски стадион – Скопје, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.06.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕИМЕНУВАЊЕ НА ГРАДСКИ СТАДИОН – СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука Градски стадион – Скопје се преименува во Национална арена Филип II Македонски.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3494/1
27 јуни 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**3425.**

Врз основа на член 39 став 5 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/07 и 88/08) Владата на Република Македонија на седницата одржана на 29.12.2008 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ – МЕРМЕРИ ОД ЛЕЖИШТЕТО НА ЛОКАЛИТЕТОТ МАРКОВ СТАП, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

1. Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини – мермери од лежиштето „Марков Стап", Кавадарци бр.08-1802/2 од 19.06.2000 година, еднострано се раскинува по барање на концесионерот РИК „Силекс" АД Кратово.

2. Во име на Владата на Република Македонија, министерот за економија во рок од 30 дена на влегување во сила на оваа одлука ќе го извести концесионерот за престанок на важење на Договорот за концесија од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6791/1
29 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**3426.**

Врз основа на член 35 став 1 точка 5 од Законот за минерални суровини концесии („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/04 и 88/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ – ЛАПОРОВИТИ ВАРОВНИЦИ ОД ЛЕЖИШТЕТО НА ЛОКАЛИТЕТОТ КАМНИК, С. КОШЕВО, ОПШТИНА КАРБИНЦИ

1. Концесијата за експлоатација на минерални суровини - лапоровити варовници на лежиштето Камник, с. Кошево, општина Карбинци бр. 24-8228/1 од 10.10.2007 година, еднострано се раскинува на барање на концесорот „АГРОСФРУТ КОРТАКИ" ДООЕ Струмица.

2. Во име на Владата на Република Македонија, министерот за економија во рок од 30 дена ќе го извести концесионерот за престанок на важење на концесијата од точка 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6792/1
29 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**3427.**

Врз основа на член 4 став 1 од Одлуката за начинот и постапката при распределба на стоките во рамките на царинските квоти („Службен весник на Република Македонија" бр. 101/2007), Министерството за економија објавува Листа на стоки за 2008 година за кои се користи принципот на распределба „прв дојден, прв корисник" (first come, first served) и тоа:

Л И С Т А
НА СТОКИ НА ЦАРИНСКИ КВОТИ ПО ДОГОВОР ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СТО

| Тарифна ознака | Наименување на стоката | Единечна Мерка | Количина | Рок на увоз до |
|---|---|---|---|---|
| 1001 90 99 00 | Пченица и наполица, друго | Тони | 80.000 | 30.06.2009 |

Бр. 11-10586/1
17 ноември 2008 година
Скопје

Министер за економија,
**Фатмир Бесими,** с.р.

**3428.**

Врз основа на член 4 став 1 од Одлуката за начинот и постапката при распределба на стоките во рамките на тарифни квоти („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/2007), Министерството за економија ги објавува листите на стоки за прво полугодие од 2009 година, за кои ќе се користи принципот на распределба „прв дојден, прв корисник“ (first come, first served) и тоа

**Л И С Т А**
**НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД 2009 ГОДИНА (НУЛА- ЦАРИНСКА СТАПКА ВО РАМКИ НА КВОТИ)**

**Анекс IV (б)** **(наведено во Член 27(3) (б))**

| Тарифна ознака | Опис | Квота за период 01.01.- 31.03.2009 г. | Квота за период 01.04.- 30.06.2009 г. | Единица мерка | Применливи царини за надминати количини (% од MFN) |
|---|---|---|---|---|---|
| 0206 29 | Јастиви кланични производи од животни од видот говеда, замрзнати: Друго: | 103.750 | 103.750 | kg | 30 |
| 0207 | Месо и јастиви кланични производи, од живина од тарифен број 0105, свежи, разладени или замрзнати: | 1.650.000 | 1.650.000 | kg | 30 |
| <br>0210 11<br>0210 12<br>0210 19 | Свинско месо: солено, во саламура, сушено или чадено:<br>Бутови (шинки), плешки и други парчиња од нив, со коски:<br>Гради со потрбушини и парчиња од нив:<br>Друго: | 12.500 | 12.500 | kg | 60 |
| 0401 20 | Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер или други материи за засладување:<br>Со содржина на маснотија што надминува 1%, но не надминува 6% по маса: | 550.000 | 550.000 | kg | 100 |
| 0402 | Млеко и павлака, концентрирани или со додаден шеќер или други материи за засладување: | 117.500 | 117.500 | kg | 30 |
| 0405 10 | Путер: | 312.500 | 312.500 | kg | 30 |
| 0406 20<br>0406 30 | Сирење стругано или во прав, од сите видови:<br>Сирење топено, освен стругано или во прав: | 35.000 | 35.000 | kg | 70 |
| 0406 90 | Друго сирење: | 125.000 | 125.000 | kg | 100 |
| 0802 31<br>0802 32 | Обични ореви, во лушпа<br>Обични ореви, лупени | 15.000 | 15.000 | kg | 60 |
| 0805 10 | Портокали: | 2.000.000 | 2.000.000 | kg | 30 |
| 0805 20 | Мандарини (вклучувајќи тангирски и сатеумас-мандарини); клементина, вилкинг и слични хибриди на агруми: | | | | |
| 0805 40 00 00 | Грејпфрут, вклучувајќи помело | | | | |
| 0805 50 | Лимони (Citrus limon, Citrus limonum) и лимета (Citrus aurantifolia, Citrus latifolia): | | | | |
| 0901 | Кафе, печено или непечено или без кофеин, лушпи и ципи од кафе; замена за кафе што содржат кафе во кој и да било сооднос | 2.500 | 2.500 | kg | 60 |
| 1601 | Колбаси и слични производи, од месо, од други кланични производи за јадење или од крв, сложени прехранбени производи врз основа на овие производи: | 795.000 | 795.000 | kg | 70 |
| 1602 | Други приготвени или конзервирани производи од месо, од јастиви месни кланични производи или од крв: | 427.500 | 427.500 | kg | 70 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2003 10<br>2003 20 00 | Печурки за јадење од видот Agaricus;<br>Трифли | 12.500 | 12.500 | kg/net eda/kg<br>kg | 100 |
| 2005 70 | Маслинки: | 400.000 | 400.000 | kg/net eda/kg | 30 |
| 2007 99 | Џемови, овошни желеа, мармелади, пиреа и пасти од овошје и од јатчесто овошје добиени со варење, освен хомогенизирани производи и агруми | 12.500 | 12.500 | kg | 60 |
| 2009 | Овошни сокови (вклучувајќи шира од грозје) и сокови од зеленчук, неферментирани и без додаток на алкохол, со додаток или без додаток на шеќер или дриги средства за засладување: | 75.000 | 75.000 | kg | 100 |
| 2309 90 99 90 | Производи што се употребуваат за исхрана на животни:Друго: Друго вклучувајќи премикси: Друго: Друго: Друго: Друго | 3.000.000 | 3.000.000 | kg | 70 |

**3429.**

**Л И С Т А**
**НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД 2009 ГОДИНА (КОНЦЕСИИ ВО РАМКИ НА КВОТИ)**

**Анекс IV (в)** **(наведено во Член 27(3) (в))**

| Тарифна ознака | Опис | Квота за период 01.01.-31.03.2009 г. | Квота за период 01.04.-30.06.2009 г. | Единица мерка | Применливи царини (% од MFN) |
|---|---|---|---|---|---|
| 0201<br>0202 | Месо говедско, свежо, разладено или замрзнато | 75.000 | 75.000 | kg | 50 |
| 0203 | Месо свинско, свежо, разладено или замрзнато: | 0 | 1.000.000 | kg | 70 |
| 0203 | Месо свинско, свежо, разладено или замрзнато: | 200.000 | 0 | kg | 50 |
| 0406 | Сирење и урда | 150.000 | 150.000 | kg | 70 |
| 0701 90 | Компири свежи или разладени | 25.000 | 25.000 | kg | 50 |
| 1209 21 | Семе од луцерка (alfa alfa) | 3.750 | 3.750 | kg | 50 |

**3430.**

**Л И С Т А**
**НА РИБА И РИБИНИ ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД 2009 ГОДИНА (НУЛА- ЦАРИНСКА СТАПКА ВО РАМКИ НА КВОТИ)**

**Анекс V (в)**

**(наведено во Член 28(2)**

| Тарифна ознака | Опис | Квота за период 01.01.-31.03.2009 г. | Квота за период 01.04.-30.06.2009 г. | Единица мерка | Применливи царини за надминати количини (% од MFN) |
|---|---|---|---|---|---|
| 0301 93 00 | Жив крап | 18.750 | 18.750 | kg | 70 |

**3431.**

**Л И С Т А**
**НА ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД 2009 ГОДИНА (НУЛА- ЦАРИНСКА СТАПКА ВО РАМКИ НА КВОТИ)**

**Анекс III**

| Тарифна ознака | Опис | Квота за период 01.01.-31.03.2009 г. | Квота за период 01.04.-30.06.2009 г. | Единица мерка | Применливи царини за надминати количини (% од MFN) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1517 10 | Маргарин, исклучувајќи течен маргарин | 25.000 | 25.000 | kg | 100 |
| 1704 90 | Производи од шеќер (вклучувајќи бела чоколада), без какао: Друго: | 66.250 | 66.250 | kg | 50 |
| 1806 | Чоколада и други прехранбени производи што содржат какао: | 87.500 | 87.500 | kg | 15<br>50 |
| 1902 | Теста, варени или неварени или полнети (со месо или други материи) или поинаку приготвени како што се шпагети, макарони, резанки, лазањи, њоки, равиоли, канелони, кускус, приготвен или неприготвен | 25.000 | 25.000 | kg | 50 |
| 1905 | Леб, печива, колачи, бисквити и други пекарски производи, со додаток на какао; нафора, капсули за фармацевтска употреба, обланди, оризова хартија и слични производи | 107.500 | 107.500 | kg | 50 |
| 1905 31<br>1905 32 | Слатки бисквити:<br>Вафли и обланди: | 82.500 | 82.500 | kg | 50 |
| 1905 90 | Друго: | 37.500 | 37.500 | kg | 50 |
| 2101 11<br>2101 12 | Екстракти, есенции и концентрати<br>Препарати врз база на овие екстракти, есенции или концентрати или врз база на кафе | 1.250 | 1.250 | kg | 60 |
| 2103 30 90 00 | Приготвен синап (сенф) | 50.000 | 50.000 | kg | 60 |
| 2105 | Сладолед и друг јастив мраз, со додаток или без додаток на какао | 12.500 | 12.500 | kg | 15 |

**3432.**

**Л И С Т А**
**НА ЦАРИНСКИ СТАПКИ ЗА ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД 2009 ГОДИНА (КОНЦЕСИЈА ВО РАМКИ НА КВОТИ)**

| Тарифна ознака | Опис | Квота за период 01.01.-31.03.2009 г. | Квота за период 01.04.-30.06.2009 г. | Единица мерка | Применливи царини во % |
|---|---|---|---|---|---|
| 2201 | Вода, вклучувајќи природна или вештачка минерална вода и газирана вода, без додаток на шеќер или на други средства за засладување или ароматизација, мра и снег | 37.500 | 37.500 | 1 | 12 |

**3433.**

**Л И С Т А**
**НА ПРОИЗВОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД 2009 ГОДИНА ПО СПОГОДБАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ВЗАЕМНИ ТРГОВСКИ ПОВЛАСТИЦИ ЗА НЕКОИ ВИНА**

| Тарифна ознака | Опис | Квота за период 01.01.-31.03.2009 г. | Квота за период 01.04.-30.06.2009 г. | Единица мерка | Применливи царини за надминати количини (% од MFN) |
|---|---|---|---|---|---|
| ex 2204 10<br>ex 2204 21 | Квалитетни пенливи вина<br>Вина од свежо грозје | 315.000 | 315.000 | 1 | 100 |

**3434.**

**Л И С Т А**
**НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА КОИ СЕ УВЕЗУВААТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БЕЗ ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА ВО РАМКИТЕ НА ГОДИШНИ КВОТИ ЗА ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД 2009ГОДИНА**

**Анекс 3.4. Табела 2**

| Тарифна ознака | О п и с | Квота за период 01.01.-31.03.2009 г. | Квота за период 01.04.-30.06.2009 г. | Един. мерка | Применливи царини за надминати количини |
|---|---|---|---|---|---|
| 0406 10 | Младо (незрело или несолено) сирење, вклучувајќи сирење од сурутка и урда: | 12.500 | 12.500 | kg | MFN |
| 0406 90 29 00 | Кашкавал | 12.500 | 12.500 | kg | MFN |
| 0701 | Компир, свеж или разладен: | 75.000 | 75.000 | kg | MFN |
| 0702 00 | Домат, свеж или разладен: | 37.500 | 37.500 | kg | MFN |
| 0706 | Моркови, бросква или репка угарница, (бела репка), цвекло, целер, коренаш, 'рдокви и сличен коренест зеленчук за јадење, свеж или разладен: | 50.000 | 50.000 | kg | MFN |
| 0707 00 | Краставици и корнишони, свежи или разладени: | 25.000 | 25.000 | kg | MFN |
| | | | | | |
| | | | | | |
| 0807<br>ex 0807 11 00 00 | Лубеници од 1 март до 15 јули | 625.000 | 625.000 | kg | MFN |
| 1601 00 | Колбаси и слични производи, од месо, од други јастиви месни делови за јадење или од крв, сложени прехранбени производи врз основа на овие производи: | 37.500 | 37.500 | kg | MFN |
| 1602 | Други приготвени или конзервирани производи од месо, од јастиви месни делови или од крв: | 25.000 | 25.000 | kg | MFN |
| 2208 20 12 00* | Коњак во амбалажа од 2 литри или помала: | 5.000 | 5.000 | l alc 100% | MFN |

*) Со Царинската тарифа од 2009 година царинската стапка е нула, меѓутоа промените не се верификувани од Меѓудржавниот мешовит комитет за спроведување на ДСТ поради што истите остануваат на листа.

**3435.**

## Л И С Т А
## НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА КОИ СЕ УВЕЗУВААТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БЕЗ ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА ВО РАМКИТЕ НА ГОДИШНИ КВОТИ ЗА ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД 2009ГОДИНА

**Анекс 3.4. Табела 2**

| **Тарифна ознака** | **О п и с** | **Квота за период 01.01.-31.03.2009 г.** | **Квота за период 01.04.-30.06.2009 г.** | **Единечна мера** | **Применливи царини за надминати количини (% од МФН)** |
|---|---|---|---|---|---|
| <br>0203 21<br>0203 22<br><br>0203 29 | Месо свинско, замрзнато:<br>Трупови и полутки:<br>Бутови, плешки и парчиња од нив, со коски:<br>Друго: | 75.000 | 75.000 | kg | 45 |
| 0401 20 | Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер или други материи за засладување:<br>Со содржина на маснотија што надминува 1% но не надминува 6% по маса: | 150.000 | 150.000 | kg | 45 |
| 0406 30 | Сирење топено, освен стругано или во прав | 37.500 | 37.500 | kg | 45 |
| 0406 90 | Друго сирење | 37.500 | 37.500 | kg | 45 |
| 1001 | Пченица и наполица: | 5.000.000 | 5.000.000 | kg | 45 |
| 1101 00 | Брашно од пченица или наполица | 50.000 | 50.000 | kg | 45 |
| 1512 19 | Рафинирано масло од сончоглед | 50.000 | 50.000 | kg | 45 |
| 1601 00 | Колбаси и слични производи, од месо, од други јастиви месни делови за јадење или од крв, сложени прехранбени производи врз основа на овие производи: | 100.000 | 100.000 | kg | 45 |
| 1602 | Други приготвени или конзервирани производи од месо, од јастиви месни делови или од крв: | 275.000 | 275.000 | kg | 45 |
| 2103909090 | Сосови и препарати на сосови; мешани мирудии и мешани мирудиски средства: Друго: Друго: | 75.000 | 75.000 | kg | 45 |
| | | | | | |
| 2104 10 | Супи и чорби и препарати за тие производи: | 135.000 | 135.000 | kg | 45 |
| 2204 29 | Вино флаширано | 10.000 | 10.000 | 1 | 45 |
| 2401 10 | Тутун, суров и непреработен: Тутун, неоджилен/нережан: | 625.000 | 625.000 | kg | 45 |
| 2402 20 | Цигари што содржат тутун: | 25.000 | 25.000 | 1000 p/st/kg | 45 |

**3436.**

## Л И С Т А
## НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА МОЛДОВА КОИ СЕ УВЕЗУВААТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БЕЗ ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА ВО РАМКИТЕ НА ГОДИШНИ КВОТИ ЗА ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД 2009 ГОДИНА

**Анекс 3.4. Табела 2**

| Тарифен број | Опис на производот | Квота за период 01.01.-31.03.2009 г. | Квота за период 01.04.-30.06.2009 г. | Единица мерка | Применливи царини за надминати количини |
|---|---|---|---|---|---|
| 0202 | Месо говедско, замрзнато: | 25.000 | 25.000 | kg | MFN |
| 0405 | Путер и други маснотии и масла добиени од млеко;млечни премази | 25.000 | 25.000 | kg | MFN |
